Машински факултет
Број 02-382/6
28.05.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Математика на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 1214, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 47-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 28 мај 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање вонреден професор

Доцент д-р Мирко Петрушевски, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната област Математика (10900) на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за време од пет години.

## О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машински факултет во Скопје, на 11 февруари 2020 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 10900 Математика.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На конкурсот се пријави д-р Мирко Петрушевски, доцент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 28 мај 2020 година, изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, број 1214 од 1 мај 2020 г., со мнозинство од 48 гласа „за" и 1 глас „против" од присутни – приклучени 55 од вкупно 59 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која доцент д-р Мирко Петрушевски се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната област Математика (10900), за време од пет години.

Одлуката да се достави до: именуваниот, сметководство, општа служба - досие, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев